# COVID-19: Нови правила за домашни и блиски контакти во Нов Јужен Велс

Ако сте домашен или близок контакт и немате симптоми на  COVID-19, не е потребно да се самоизолирате, но мора да ги следите упатствата на NSW Health:

- Не посетувајте високоризични места како што се болници и установи за нега на постари лица
- Работете или посетувајте настава од дома кога тоа е можно. Ќе ви биде потребно одобрување од работодавачот или образовната установа ако треба да одите на работа или училиште/факултет
- Носете маска во затворен простор ако сте на возраст од 12 години и постари. Не е потребно да носите маска во сопствениот дом
- Избегнувајте големи собири или преполни места во затворен простор со луѓе со кои не живеете заедно. Ако треба да присуствувате, направете брз антигенски тест пред да одите

Следете ги правилата 7 дена од последниот пат кога некој од вашето домаќинство имал/а позитивен тест за COVID-19.

Ако имате или добиете симптоми, мора да се самоизолирате и тестирате за COVID-19. Следете ги советите на  NSW Health ако резултатот на вашиот тест е позитивен.

Ако резултатот на вашиот тест е негативен, останете дома додека не исчезнат симптомите.

**За повеќе информации, посетете ја веб-страницата www.nsw.gov.au/covid-19/management/household-contacts.**



© NSW Health April 2022.